Во ЈЗ Експлоатација на мрежи за јавно осветлување во точка 1 Средства за електрична енергија износот 32.805.000,00 се заменува со износ 43 300 000,оо денари .

Во ЈАО Изградба на мрежи за јавно осветлување точка 1 Изградба на мрежи за осветлување ... 9.000.000,00 се брише.

Во точка 2 Реконструкција и одржување на мрежи износот 5.000.000,00 се заменува со износ 2 500 000,оо денари .

**Број 07-6859/15-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ ЗА 2013 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на измените на Програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за 2013 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година.

**Број 08-6859/16** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ ЗА 2013 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените на Програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за 2013 год

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6859/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

**ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМАТА J60 ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ ЗА 2013 ГОДИНА**

Се вршат измени во Програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за 2013 година.

Во **Ставка** - Општински совет за безбедност и сообраќајни проекти износот 500.000,оо се заменува со износ „ 200.000,оо “ ден.

Ставката Сообраќајна студија за град Охрид се брише .
Ставката Санирање на улици во с.Лескоец износот 700.000,оо се заменува со 400.000,оо ден.

**Број 07-6859/16-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА 2013/2015 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на измените на Програмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за 2013/2015 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година.

**Број 08-6859/17** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година донесе:

## О Д Л У К А
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА 2013-2015 ГОДИНА**

### Член 1
**СЕ УСВОЈУВААТ** измените на Програмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за 2013/2015 год.

### Член 2
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6859/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

## ИЗМЕНИ НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА 2013-2015 ГОДИНА

Се вршат измени во Развојната програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадна вода за 2013-2015 година, бр.07-2676/18-1 од 10.06.2013 год.

Во Програмата по зборот „ вкупно“ставката се менува и истата гласи:

„Од причина што се работи за развојна програма за период 2013-2015 година од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2013 година ќе се издвојат сретства во висина од 28.000.000,оо денари. “

**Број 07-6859/17-1**
**15.11.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА 2013/2015 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на измените на Програмата за изградба и одржување на системи за водоснабдување за 2013/2015 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година.

**Број 08-6859/18**
**15.11.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07)Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА 2013 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените на Програмата за изградба на системи за водоснабдување за 2013 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6859/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

**ИЗМЕНИ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА 2013-2015 ГОДИНА**

Се вршат измени во Развојна програма за изградба на системи за водоснабдување за 2013-2015 година година бр. 07-2676/19-1 од 10.06.2013 год.

Во Програмата последниот став се менува и истиот гласи:

„ Од причина што се работи за развојна програма за период од 2013 -2015 год., за тековната 2013 год. од Буџетот на општина Охрид ќе се реализираат средства во висина од 15.100.000, оо денари.“

**Број 07-6859/18-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2013 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на измените на Програмата за јавна чистота за 2013 год, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година.

**Број 08-6859/19** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2013 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените на Програмата за јавна чистота за 2013 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6859/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

**ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМА J40**
**ЈАВНА ЧИСТОТА**

Во Програмата јавна чистота бр. 07- 2676/20-1 од 10.06.2013 год.се вршат следните измени:

Последниот став од Програмата се менува и истиот гласи: „ за реализација на оваа програма од Буџетот на општина Охрид ќе се обезбедат 9 000 000, оо денари.“

**Број 07-6859/19-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2013 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на измените на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2013 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година.

**Број 08-6859/20**
**15.11.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2013 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2013 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6859/20**
**15.11.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

**ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМАТА ЈГО**
**ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**
**ЗА 2013ГОДИНА**

Се вршат измени во Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2013година .

**Во точка 1. ВЕРТИКАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**

Ставка замена на сообраќајни знаци, поставување нови сообраќајни

знаци на подрачје на Охрид со монтажа - износот 900.000,оо се заменува со износ 500 000,оо денари.

Ставка набавка и поставување на сверни огледала се брише.

**Во ставка ВКУПНО износот 1.200.000,00 се заменува со износ 500 000, оо ден.**

**Во точка 2. ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈН СИГНАЛИЗАЦИЈА**

Во ставката осовинско бележење на патишта со бела боја,бележење на пешачки премини со бела боја, обележување на коловозни стрелки, автобуски и такси постојки износот 5.500.000,оо се заменува со износ

1 500 000, оо ден

Во ставка изградба и обележување на велосипедск патеки износот 2.000.000,оо се заменува со износ 700 000,оо денари.

Во ставката ВКУПНО износот 7.700.000,оо се заменува со износ од 2 400 000, оо денари .

**Во ставката ВКУПНО ЗА 1,2и 3 износот 9.500.000,00 денари се заменува со износот 3 500 000,оо денари .**

**Број 07-6859/20-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15. 11.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на измените на Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Охрид за 2013 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година.

**Број 08-6859/21** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07)Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013-2015 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојуваат Измените и дополнувањата на Развојната Програма за изработка на урбанистички планови за 2013-2015 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6859/21**
**15.11.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.70/13), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 год ги донесе следните:

**ИЗМЕНИ ВО Р А З В О Ј Н А Т А П Р О Г Р А М А**
**за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2013-2015 година**

**Се вршат измени во Развојната програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2013-2015 година бр. 07- 2676/22-1 од 10.06.2013**

Во делот **I. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид,**
**Ставката А. Изработка на ДУП со плански опфат во границите на Старото градско јадро**
**СЕ БРИШЕ**

Во ставка **Б. Планови кои се во фаза на изработка**

**Точката 1. ДУП за УЗ 1 УБ 1.2,УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 СЕ БРИШЕ**

**Точката 2. ДУП за УЗ 1 дел од УБ 1.1 - опфат 4 СЕ БРИШЕ**

**Во точка 3. ДУП за УЗ 3, УБ 3.1**
Износот од 725.435,00 ден се заменува со износ од 100.000,00 денари

**Точката 4. ДУП за УЗ 3, УБ 3.3 СЕ БРИШЕ**

**Во точката 5. ДУП за УЗ 4 УБ 4.3**
Износот од 246.000,00 ден се заменува со износ од 100.000,00 денари

**Во точката 6. ДУП за УЗ 4 УБ 4.4**
Износот од 262.000,00 ден се заменува со износ од 90.000,00 денари

**Точката 7. ДУП за УЗ 4 дел од УБ 4.5 - опфат 1 СЕ БРИШЕ**

**Точката 8. ДУП за УЗ 4, дел од УБ 4.5 СЕ БРИШЕ**

**Точката 9. ДУП за УЗ 4, УБ 4.6 СЕ БРИШЕ**

**Во точката 10. ДУП за УЗ 5 УБ 5.2**
Износот од 388.000,00 ден се заменува со износ од 60.000,00 денари

**Точката 11. ДУП за УЗ 5 УБ 5.3 СЕ БРИШЕ**

**Во точката 12. ДУП за УЗ 5 УБ 5.4**
Износот од 936.485,00 ден се заменува со износ од 200.000,00 денари

**Во точка 13. ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - опфат 2**
Износот од 330.130,00 ден се заменува со износ од 50.000,00 денари

**Точката 14. ДУП за УЗ 7 дел од УБ 7.1 СЕ БРИШЕ**

**Точката 15. ДУП за УЗ 7 дел од УБ 7.2 - опфат 1 СЕ БРИШЕ**

**Во точката 16. ДУП за УЗ 7 дел од УБ 7.2 - опфат 2**
Износот од 199.000,00 ден се заменува со износ од 50.000,00 денари

**Во точката 17. ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.1 - опфат 3**
Износот од 539.000,00 ден се заменува со износ од 100.000,00 денари

**Точката 18. ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - Опфат 1 СЕ БРИШЕ**

**Точката 19. ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - опфат 2 СЕ БРИШЕ**

**Во точката 20. ДУП за УЗ 9 УБ 9.2**
Износот од 214.450,00 ден се заменува со износ од 100.000,00 денари

**Точката 21. ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 - Опфат 1 СЕ БРИШЕ**

**Во точката 22. ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 - опфат 2**
Износот од 494.560,00 ден се заменува со износ од 60.000,00 денари

**Точката 23. ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11,3 – опфат 1 СЕ БРИШЕ**

**Токката 24. ДУП за УЗ 12 УБ 12.1 СЕ БРИШЕ**

**Точката 25. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.2- опфат 1 СЕ БРИШЕ**

**Во Точката 26. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 2**
Износот од 30.000,00 ден **ОСТАНУВА ИСТ**

**Во точката 27. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3**
Износот од 7.000,00 ден **ОСТАНУВА ИСТ**

**Во точката 28. ДУП за УЗ 9 УБ 9.4 и УЗ 15 дел од УБ 15.5**
Износот од 397.000,00 ден се заменува со износ од 150.000,00 денари

**Точката 29. ДУП за УЗ 14 дел од УБ 14.4 - опфат 1 СЕ БРИШЕ**

**Точката 30. ДУП за УЗ 15, УБ 15.1 СЕ БРИШЕ**

**Точката 31. ДУП за УЗ 15 УБ 15.7 СЕ БРИШЕ**

**Во точката 32. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1**
Износот од 470.390,00 ден се заменува со износ од 120.000,00 денари

**Во точката 33. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.2 – опфат 2**
Износот од 504.660,00 ден се заменува со износ од 150.000,00 денари

**Во точката 34. ДУП за УЗ 18 УБ 18.1 и дел од УБ 18.2 – Чекоштина**
Износот од 404.180,00 ден се заменува со износ од 100.000,00 денари

**Во точката 35. УП вон населено место Горица Исток**
Износот од 639.540,00 ден се заменува со износ од100.000,00 денари

**Точката 36. УПВНМ на дел од ТК "Горица" дел од УБ 2.1 СЕ БРИШЕ**

**Во точката 37. УП вон населено место туристички локалитет Св.Стефан - опфат 3**
Износот од 170.000,00 ден се заменува со износ од 70.000,00 денари

**Во точката 38. УП вон населено место за Блок 4.3 дел од Туристички комплекс Св.Стефан СЕ БРИШЕ**

**Точката 39. УП вон населено место Лагадин и потегот Лагадин – Пештани СЕ БРИШЕ**

**40. УП вон населено место Долно Коњско – опфат 1**
Износот од 97.000,00 ден се заменува со износ од 30.000,00 денари

**Ставката В. Изработка на анекс на Генералниот урбанистички план на Охрид, 2002-2012,** донесен 2006 година од аспект на Законот за заштита и спасување **СЕ БРИШЕ**

**Ставката Г. Измена на делови од ГУП Охрид според дополнување на Програмата за 2009 СЕ БРИШЕ**

**Во ставката Д. Урбанистички планови за село**

**Во точка 1. УП за село Пештани**
Износот од 2.371.820,00 ден се заменува со износ од 300.000,00 денари

**Во ставката Ѓ. Планови кои ги финансира општина Охрид со претходно регулирани договори и плаќање** /пред 2005 година/

**Точката 1. ДУП за УЗ 1 дел од УБ 1.1 - Опфат Табана СЕ БРИШЕ**

**Точката 2. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - Опфат Ривиера СЕ БРИШЕ**

**Во делот II. Приоритетни планови финансирани од општина Охрид**

**Во точката 1. УПВНМ - индустиска зона Мауцкер**
површина: ........................................................................... П = 29.00 ха
Износот од 990.000,00 ден се заменува со износ од 450.000,00 денари

**Во точката 2. УПВНМ - индустиска зона Вапила**
површина: ........................................................................... П = 6.60 ха
Износот од 200.000,00 ден се заменува со износ од 100.000,00 денари

**Во точката 3. УП за село Долно Лакочереј – опфат 1**
површина: ........................................................................... П = 4.20 ха
Износот од 94.400,00 ден се заменува со износ од 40.000,00 денари

**Во точката 4. УП за село Лескоец – опфат 1**
површина: ........................................................................... П = 2.00 ха
Износот од 94.400,00 ден се заменува со износ од 40.000,00 денари

**Во точката 5. ДУП за УЗ 17 дел од УБ 17.1 – опфат 1 /Студенчишко блато/**
површина: ........................................................................... П = 70.00 ха
Износот од 1.211.690,00 ден се заменува со износ од 500.000,00 денари

**Во точката 6. ДУП за УЗ 8 УБ 8.3**
површина: ........................................................................... П = 12.60 ха
Износот од 500.000,00 ден се заменува со износ од 100.000,00 денари

**Во точката 7. ДУП УЗ 16 делод УБ 16.3 – опфат 4**
површина: ........................................................................... П = 5.40 ха
Износот од 283.200,00 ден се заменува со износ од 100.000,00 денари

**НАПОМЕНА:** **Измените во Развојна програма за изработка на урбанистички планови за период 2013 -2015, се однесуваат на делот кој отпаѓа за 2013 година и ќе изнесува**

**ВКУПНО 3.300.000,00 ден.**

**Број 07-6859/21-1**
**15.11.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на измените на Програмата за заштита на животна средина и природата за општина Охрид за 2013 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година.

**Број 08-6859/22**
**15.11.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2013 ГОД.

**Член 1**

Се усвојуваат Измените на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2013 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6859/22**
**15.11.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

## И З М Е Н А  Н А  П Р О Г Р А М А Т А
## за заштита на животната средина и природата за 2013 година

Во програмата за заштита на животната средина и природа за 2013 година бр. 07-5664/6-1 од 28.12.2012 год. се вршат следните измени:

1. Пилот проект за собирање и одлагање на отпадното масло од домаќинствата ...... .................износот од 300.000,00 ден. се заменува со 30.000,00 ден. ( согласно договорот )

2. Шума -Парк на младенци...........износот од 300.000,00ден. се заменува со 250.000,00ден.

3. Чистење на цврст отпад од дното на Охридското Езеро.................................. се брише

4. Одбележување на „Денот на планетата земја“ -22 април (акција за собирање и одлагање на електронски отпад) ..........................( се реализира без потрошени финансиски средства )

5. Одбележување на „Меѓународниот ден на биолошката разновидност“-22мај (Промоција на охридската пастрмка)............................................................................................ се брише

6. Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни(акција за собирање на стара хартија во соработка со охридските училишта).................( се реализира без потрошени финансиски средства )

7. Одбележување на „Денот на Националните паркови“ - 21 јули (Ден на Галичица-промоција на пештерите во националниот парк)............................................... се брише

8. Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)........износот од 100.000,00 ден. се заменува со 20.000,00 ден.

9. Емитување на еко пораки на видео бимот на градскиот плоштад................ се брише

10. Следење на нивото на бучава со поставување на статички мерачи на бучава во Општина Охрид ........................................................................................................ се брише

11. Ископ на канали во Студенчишко Блато со цел поврзување на блатото со Охридското Езеро ......................................................................................................... се брише

12.Поставување на пиезометри(истражни бунари) во Студенчишкото блато......се брише

**Број 07-6859/22-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на единицата на локална самоуправа Охрид за 2013 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година.

**Број 08-6859/23** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07) и член 2 и 3 од Законот за буџетите ( „Сл.веник на РМ“ број 64/05, 04/08, 103/08 и 156/09), Советот на општината Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА**

**1. Општ дел**

**Член 1**

Во Буџетот на ЕЛС Охрид за 2013 година се вршат следните измени:

| | Буџет 2013 | Ребаланс 2013 |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **1.202.000.000,оо денари** | **794.600.000,оо денари** |

| | | |
|---|---|---|
| - Буџетски приходи-осн.буџет | 610.892.000,оо денари | 408.028.322,оо денари |
| -Приходи од самофин.актив. | 25.500.000,оо денари | 24.761.500,оо денари |
| -Блок дотации | 349.398.000,оо денари | 351.350.178,оо денари |
| -Наменски дотации | 8.910.000,оо денари | 8.910.000,оо денари |
| -Приходи од донации | 3.000.000,оо денари | 1.550.000,оо денари |
| -Приходи од кредити | 204.000.000,оо денари | / денари |
| **Вкупни расходи** | **1.202.000.000,оо денари** | **794.600.000,оо денари** |
| и тоа: | | |
| **-утврдени намени** | 1.200.100.000,оо денари | 791.900.000,оо денари |
| **-резерви** | 1.900.000,оо денари | 2.700.000,оо денари |

**Член 2**

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени утврдени во постојниот Биланс на приходите и расходите на ЕЛС Охрид за 2013 година се заменуваат со новиот *Биланс на приходи на ниво на потставки и Билансот на расходи на ниво на потставки* и тоа како што следува:

(Измените на *Билансот на приходи на ниво на потставки и Билансот на расходи на ниво на потставки*, даден е во седничниот материјал)

**Член 3**

Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Охрид за 2013 година, влегуваат во сила со денот на објавување во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Бр. 07- 6859/23**
**15.11.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД ” ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за измена на статутот на ЈП „Нискоградба Охрид ” Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година.

**Број 08-6859/24**
**15.11.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД ” ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измена на Статутот на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид, донесена од Управниот одбор на Ј.П „Нискоградба Охрид“ бр.02-1376/3 од 04.11.2013 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6859/24**
**15.11.2013 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за Јавни претпријатија, како и врз основа на член 17 од Статутот на Јавното Претпријатие за изградба, одржување, реконструкција на локални патишта и хидротехнички објекти НИСКОГРАДБА ОХРИД-Охрид, Управниот одбор на седница одржана на ден 04.11.2013 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
**За измена на Статутот на ЈП Нискоградба Охрид**

**1.** Се менува член 21 став 5 од Статутот на ЈП Нискоградба Охрид и истиот ќе гласи: **‘‘За Директор на Јавното претпријатие може да се именува лице кое покрај општите услови предвидени во Закон, треба да ги исполнува и следните посебни услови: Високо образование VII-1 степен или стекнати 300 кредити според ЕКТС‘‘.**

2. Се задолжува Претседателот на Управниот одбор на ЈП Нискоградба да изготви пречистен текст на Статутот и да го потпише истиот.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Управен одбор**
**Тони Коталески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОЈУ ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2013/2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на годишната програма за работа на ОЈУ отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за учебната 2013/2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година.

**Број 08-6859/25**
**15.11.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( “Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07) и член 9 став 1 алинеа 3 од Законот за отворени граѓански универзитети за доживотно учење („Сл.весник на РМ “ бр. 36/11), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НАНА ОЈУ ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2013/2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишната програма за работа на на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за учебната 2013/2014 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6859/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.11.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ОХРИД , ПРИГРАДСКИТЕ И СЕЛСКИТЕ НАСЕЛБИ ЗА 2013/2014 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид , приградските и селските населби за 2013/2014 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година.

**Број 08-6859/26**
**15.11.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2013 година, ја донесе следната :

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ОХРИД , ПРИГРАДСКИТЕ И СЕЛСКИТЕ НАСЕЛБИ ЗА 2013/2014 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид, приградските и селските населби за 2013/2014 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-6859/26**
**15.11.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

## ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА
### ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ОХРИД, ПРИГРАДСКИТЕ И СЕЛСКИТЕ НАСЕЛБИ ЗА 2013-2014 ГОДИНА

- **ВОВЕД**

Предлог Оператината Програма за одржување и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид, приградските и селските населби е изработена соогласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за патишта и потребата за отстранување на снегот и голомразиците.

Одржувањето на коловозните површини и нивното оспособување на нормален сообраќај во зимски услови, претставува важна потреба на граѓаните и стопанството, бидејќи се можни нарушувања и прекин на нормалното одржување на сообраќајот во градот, особено при изненадувањето од временските услови, а посебно важно е соодветно извршена подготовка на надлежните субјекти како и редовно пратење на метеоролошките услови на интернет сајтовите со цел навремено почнување на активностите за чистење на снегот.

За целосно спроведување на Оперативната Програма за одржување и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид, покрај горенапишаните подготовки треба да се обезбеди добра соработка со Секторот за сообраќај при СВР- Охрид и Секцијата на Македонија пат- Охрид со цел заеднички да се одговори на потребите во дадени услови.

Исто така граѓаните и другите правни лица мора да го почитуваат комуналниот ред односно да ги чистат тротоарите и коловозите пред своите куќи односно деловни објекти, како и со своите возила да не го попречуваат движењето на сообраќајот во овој случај движењето на специјалните возила за чистење на снег.Само со меѓусебна координација и навремено извршување на своите задачи на сите погоре спомнати субјекти ќе се постигне ефект во отстранувањето на снегот од коловозите и тротоарите , а со тоа и нормално одвивање на сообраќајот во зимски услови.

- **Цел на програмата**

Оперативната Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Град Охрид, приградските и селските населби, има за цел да предвиди ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Град Охрид опфатено со основниот Урбанистички план како и на целата територија на Општина Охрид и тоа преку одредување на обемот на работата и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини, дефинирање на работите и задолженија на носителите за реализација на програмата и дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на програмата.

Тргнувајќи од основната цел на Оперативната Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид, физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот.Приоритет при чистење на снегот и голомразицата им се дава на улиците по кои се одвива градскиот додека одржувањето на меѓуградскиот сообраќај односно магистралните и регионални патишта како и улиците кои се трансферзала на истите се обврска на Секцијата на Македонија пат-Охрид.Утврдувањето на приоритетните улици по категории го утврдуваат ЈП„ Охридски Комуналец“-Охрид и Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.

***<u>Преглед на улици предвидени во Предлог Оперативна Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид, приградските и селските населби во 2013-2014 година:</u>***

***<u>1-ва група на Улици:</u>***

1. Ул.„ Јане Сандански“
2. Ул.„Питу Гули( од ул.Јане Сандански до ул.7-ми Ноември)
3. Ул.„7-ми Ноември“( од Булевар Туристичка до ул.Железничка)
4. Ул.„Македонски Просветители(од кружниот тек до Противпожарна Станица)
5. Ул.„Партизанска“( од Булевар Македонски Просветители до пресекот со ул.Асном)
6. Ул.„Димитар Влахов“ ( од ул.Јане Сандански до Булевар Македонски Просветители)
7. Ул.„Абас Емин“(од пресек со Булевар Туристичка до ул.Гоце Делчев)
8. Ул.„Кирил и Методиј“( од ул.Гоце Делчев до Горна Порта)
9. Ул.„Гоце Делчев“(од пресек ул.Абас Емин до крај)
10. Ул.„Марко Цепенков“(од ул.Сирма Војвода до ул.Момчило Јорданоски)
11. Ул.„ Момчило Јорданоски“( од ул.Марко Цепенков до пекара Габреш)
12. Ул.„ Сирма Војвода“( од ул.Јане Сандански)
13. Ул.„ Кузман Јосифоски“ ( од ул.Партизанска до ул.Димитар Влахов)

**2-ра група на Улици:**

1. Ул.„ Абас Емин“( од Булевар Туристичка до ул.Железничка)
2. Ул.„ Стив Наумов“( од Булевар Туристичка до ул.Гоце Делчев)
3. Ул.„ Асном“ ( од Булевар Туристичка до ул.Карпош Војвода)
4. Ул.„ Даме Груев( од Булевар Туристичка до Кружниот тек)
5. Ул.„ Карпош Војвода( од ул.Јане Сандански до ул.Асном)
6. Ул.„ Марко Нестороски( од ул.7-ми Ноември до ул.Питу Гули)
7. Ул.„ Марко Цепенков“( од ул.Момчило Јорданоски до Стобекс)
8. Ул.„ 1-ва Македонска Ударна Бригада( од ул.Питу Гули до Стобекс)
9. Ул.„ Живко Чинго( од ул.15-ти Корпус до ОУ „ Живко Чинго)

**3-та група на Улици:**

1. ул.„Кеј Маршал Тито“(од Булевар Македонски Просветители до Асном)
2. ул.„ Асном“(од Кеј Маршал Тито до Булевар Туристичка)
3. ул.„ Стив Наумов“( од Булевар Туристичка до ул.8-ми Март)
4. ул.„ 8-ми Март(од ул.Железничка до ул.Стив Наумов)
5. ул.Распаќе( од ул.Гоце Делчев до Булевар Туристичка)
6. ул.„ Галичица“( од ул.Јане Сандански до ул.Асном)
7. ул.„ Ванчо Николески“( од ул.Партизанска до ул.Димитар Влахов)
8. ул.„ Карпош Војвода“( од ул.Даме Груев до ул.Јане Сандански)
9. ул.„Цар Самоил“( цела)
10. ул.„ Коста Абраш( цела)
11. ул.„ Момчило Јорданоски“( од ул.Марко Цепенков до ул.1-ва Макед.Ударна Бригада)
12. ул.„ Егејска“( од ул.Железничка до ул.7-ми Ноември)
13. ул.„ Ариф Мустафа“( од ул.Гоце Делчев до Булевар Туристичка)

**4-та група на Улици:**

1. ул.„8-ми Септември“ ( од ул.Никола Карев до ул. Сирма Војвода)
2. ул.„ Лазо Трпоски“(од ул.Галичица до ул.Сирма Војвода)
3. ул.„ Никола Карев“( од ул.Галичица до ул.Асном и до Булевар Туристичка)
4. ул.„ Илинденска“( од ул.Цар Самоил до ул.Горна Порта)
5. ул.„Кузман Капидан“( од Горна Порта до Плаошник;од Горна Порта до Самоилови)
6. ул.„ Беќир Али Риза( од ул.Абас Емин до ул.7-ми Ноември)
7. ул.„ Крали Марко ( од ул.Стив Наумов до ул.Абас Емин)
8. ул.„ Никола Петров Русински( од Булевар Туристичка до ул.Гоце Делчев)
9. ул.„Гоце Делчев“ до ул.„ Васил Стефоски“
10. ул.„ Васил Стефоски“(од ул.Гоце Делчев до ул.Махмут Рифат)
11. ул.„ Махмут Рифат“( од ул.Гоце Делчев до ул.Васил Стефоски)
12. ул.„Дејан Војвода“( од ул.Абас Емин до ул.Стив Наумов)
13. ул.„ Даме Груев“( до комплекс згради нас.Христо Узунов)
14. ул.„ Богомилска“(ул.Марко Нестороски до ул.Даме Груев)
15. ул.Васил Главинов( од ул.7-ми Ноември до ул.Марко Нестороски)
16. ул.„ Ѓорче Петров“(ул.Марко Нестороски до комплекс згради Христо Узунов)
17. ул.„ Вангел Николоски “( од ул.1-ва Мак.Удар.Бригада до ул. Марко Цепенков)
18. ул.„ Трајче Дојчиноски“( од ул.1-ва Мак.Удар.Бригада до ул. Марко Цепенков)
19. ул.„ 1-ви Мај“ (од ул.Питу Гули до 1-ва Мак.Удар.Бригада)
20. ул.„ Александар Гушо“( од ул.Питу Гули до ул.Трајче Дојчиноски)

21. ул.„Ристо Чадо“( од ул.Железничка до Стобекс)
22. ул.„ Ванчо Питошески“( од ул.Јане Сандански до ул.Мирче Ацев)
23. ул.„ Мирче Ацев“( ул. Никола Карев до ул.Ванчо Питошески)
24. ул.„ Бистрица“(од ул.Железничка до ул. Васил Стефоски)

***5. Приградски и селски населби:***

Во зависност од потребите и условите на теренот, а по однапред добиен налог и согласност од страна на Одделението на Комунален развој ќе се врши Зимско одржување на пристапните патишта во следните населени места:

1. с.Елшани
2. с.Коњско
3. Населба Исток
4. Населба Рача
5. с.Велестово
6. с.Рамне
7. с.Лескоец
8. с.Косел
9. с.Завој
10. с.Вапила
11. с.Ливоишта
12. с.Куратица
13. с.Речица
14. с.Плаќе
15. с.Свиништа
16. с.Лакочереј
17. с.Орман
18. с.Скребатно

За успешно реализирање на Оперативната Програма за зимско одржување во зависност од потребите Општина Охрид ќе користи опрема и средства од други физички и правни лица со кои ќе склучи соодветни договори.

Во однос на погоре изнесеното сеуште е со важност Договорот ***Набавка на услуги за машинско чистење на снег, одрони од камења и земја, чистење на банкини од тревни површини и дрвја покрај пат*** заверен со бр.03-5829/1 од 28.12.2012 и истиот е со важност до 31.12.3013 год. склучен помеѓу договорни страни:

1. Општина Охрид ( набавувач) и
2. ДООЕЛ Марково Долче- с.Куратица ( носител на набавката)

Носителот на набавката, работите наведени во член 1на овој договор, ќе ги изведе:
За дел 1- машинско чистење на снег, одрони од камења и земја,чистење на банкини од тревни површини на патните правци :Прентов мост-Куратица, приклучок од А5- Свиништа- Речица-Плаќе, Вапила-Расино-Сирула, улици во село Опеница.

Се со цел успешно реализирање на зимското одржување за 2013-2014 год., распишан е Јавен Повик **бр.23/2013** каде сите правни субјекти кои ќе бидат вклучени во овој јавен повик ќе поднесат лични изјави за достапност од 24 ч.
***( договор за достапност***). За овој јавен повик кој се однесува на **Машинско и рачно чистење на снег, одрони од камења и земја, чистење на банкини од тревни површини и дрва покрај пат** формирани се 4( четири)пакети и тоа:

| **Прв пакет** | **Втор Пакет** | **Трет Пакет** | **Четврти Пакет** |
|---|---|---|---|
| **Патни правци:<br>Прентов мост-Куратица<br>Приклучок од А3<br>С.Свиништа-С.Речица-с.Плаќе<br>С.Косел-с.Вапила-с.Ливоишта-с.Расино-с.Сирула<br>Улици во с.Опеница** | **Патни правци<br>Охрид-Д.лакочерej<br>Г.Лакочерej<br>Ул.Радојца<br>Новичиќ<br>Ул. Српница<br>Ул. 130<br>Ул. Петрино** | **Патни правци<br>Ул. Винковачка<br>Ул. Прилепска<br>Ул. Будва<br>Ул. 8ми Март<br>Ул. Јабланица<br>Ул. Стив Наумов** | **Патни правци<br>Охрид-с.Рамне<br>Охрид-с.Велестово<br>Рег.пат 501-с.Рача<br>Рег.пат 501- с.Коњско<br>Рег.пат 501-с.Елшани<br>Рег.пат 501-нас.Исток<br>Рег.пат 501-нас.Св.Стефан** |

***6. Останати улици***

Останатите улици кои не се опфатени во погорните категории ќе бидат категоризирани во улици IV-та категорија и ќе се чистат во зависност од реализацијата на Оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид.

***7. Улици кои заради специфични местоположби ќе бидат опфатени со рачно посипување***

Одредени улици во Општина Охрид кои заради големите нагорнини не можат да бидат опфатени со оваа Оперативна Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2014 год. односно заради неможноста од поминување на специјалните возила за чистење снег, како и улици по кои не се одвива сообраќај, а се од посебна важност ќе се посипуваат рачно или со трактор сеалка. Овие улици не се категоризирани во ниедна категорија погоре меѓутоа некои од нив заради својата специфичност ќе бидат катгоризирани како улици од I-ва и II-ра категорија со посебна важност, тоа се: ул. Св.Климент Охридски; дел од улиците: „Гоце Делчев“, „Даме Груев“, „Кирил и Методиј“; улиците во стариот дел од градот; улиците во населба „Бејбунар“, како и улиците во селата кои гравитираат во Општина Охрид.

Чистењето на снегот од пристапните патеки во парковите и спомен обележјата во градот, како и од дрвјата и зеленилото ќе го врши дежурна екипа на РЕ – Паркови и Зеленило.

- **Оперативен дел**

Во првата фаза при снежни врнежи, ќе се врши посипување со мешавина од индустриска сол и камена ситнеж. Приоритетот односно динамиката се утврдува во зависност од висината на снежните врнежи, температурата на воздухот и предвидувањата на атмосферски талог односно снежните врнежи. Најпрво ќе се третираат улиците од I-ва категорија, а потоа останатите, доколку во меѓувреме не се утврди друг приоритет заради воспоставување на нормален тек на сообраќајот. За оваа намена ќе се користата трактори со посипувачи како и влечен растурач на сол и ризла(епоха). Ќе напоменеме сека ефектот на индустриската сол и камената ситнеж имаат ефект на температури повисоки од -3С додека за температури пониски од наведената ефектот на ваквите дејствија е многу намален.

Доколку снегот на коловозот е над 12 см се пријдува кон чистење на истиот со возила со снежни плугови, гредери, а доколку се појави потреба се вклучуваат специјални машини како што се утоварувачи и други специјални возила кои користат гумени тркала.

Чистењето на тротоарите на улиците на места каде што нема деловни објекти и индивидуални станбени објекти ќе го врши ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид додека останатите површини по тротоарите и сообраќајниците должни се според комуналниот ред чистењето да го извршуваат физичките лица односно правните субјекти.

- **Начин на извршување**

Пред отпочнување на дејствија на чистење на снегот од коловозите ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид овластено лице за спроведување на Оперативната Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град ќе го извести Секторот за сообраќај при СВР – Охрид за отпочнување на активностите и за потребите на регулирање на сообраќајот во зимски услови. Ова го напоменуваме од причини што ќе има потреба од поминување на специјалните возила како и потреба од поминување на истите со поголема брзина од дозволената со цел поефикасно чистење на снегот. Во вакви случаи потребно е екипите од сообраќајната полиција да воспостават поинаков режим на сообраќајот односно некои улици да се затворат односно да се пренасочи сообраќајот или да се воспостави сообраќај во еден правец заради поефикасно и побрзо отстранување на снегот од коловозите.

- **Средства, опрема и организациона поставеност**

За извршување на активностите од Оперативната Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град ќе се користат следните средства и извршители и тоа:

❖ **ФАП за Зимско Одржување (со епоха или нож) ОХ-229-БУ и ОХ-124-БФ**

1. Устијаноски Никола 076/468-948
2. Ратаикоски Славчо 076/425-984
3. Усеини Ирмик 076/468-923
4. Павлески Васко 075/345-743

❖ **ФАП со нож ОХ-766-БЛ и ОХ-049-АБ**

1. Младеноски Аце 076/479-936
2. Чеменкоски Пере 076/479-937
3. Ангелоски Борис 075/395-382
4. Спироски Марјан 076/479-548

❖ **Трактор со соларка ОХ-943-АК и ОХ-067-БД**

1. Нически Васил 075/495-041
2. Мојсоски Бобан 076/468-949
3. Цветаноски Марјан 075/832-546

❖ **Работни машини Хитачи ФБ 100.2 и РД-130**

1. Целески Илија 075/253-241

2. Тодороски Љупчо 075/397-846
3. Нически Кире 076/221-085

❖ **Одговорни лиза за контакт:**

